ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број:35-231/20

Дата: 06.09.2013

ДО

КПУ ИДРИЗОВО - С.Е. ЕКОНОМИЈА

**Резиме**

Предмет на Конечниот извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на С. Е. Економија за 2012 година,

Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи на С.Е. Економија за 2003 година.

Поради значајноста на прашањата изнесени во извештајот изразено е негативно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи и за законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции за 2003 година. Препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2003 година делумно се спроведени.

Врз основа на резултатите од ревизијата, изразено е негативно мислење во однос на вистинито и објективно прикажување на финансиската состојба во финансиските извештаи за 2012 година, како и во однос на усогласеноста на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива.

Во рамки на утврдените состојби, како позначајни ги констатиравме следните:

С.Е Економија функционира спротивно на одредбите од Законот за извршување санкции, како самостојно правно лице во рамките на КПУ Идризово, иако од 2006 година законски го губи статусот на самостојно правно лице, бидејќи одредбите

од законот предвидуваат, во состав на казнено и воспитно - поправните установи, како организациони единици, да се организираат една или повеќе стопански единици, кои треба да настапуваат во име и за сметка на установата, а приходите да ги уплатуваат на трезорската сметка за самофинансирачка активност.

С.Е Економија има обврски спрема вработените за пресметани а неисплатени 5 бруто плати за 2012 година.

Поради неисплатени обврски за работно ангажирање на осудените лица, не се остварува законското право за добивање надомест за работно ангажирање, со што се намалува мотивираноста и интересот за работа на осудените лица.

Констатиравме слабости во функционирањето на интерните контроли, како од организациски аспект на работење, така и од аспект на невоспоставен систем на интерни контроли и пишани процедури за процесот на залихи, а во отсуство на контроли на работењето на осудените лица во кантините, евидентирани се побарувања и по овој основ.

За купување добра и услуги воопшто не се постапува по Законот за јавни набавки ниту се склучуваат договори со економските оператори, што остава простор за субјективно одлучување и фаворизирање на одредени економски оператори.

Утврдивме договори за деловно техничка соработка, кои значително влијаеле С.Е. Економија во изминатиот период да искаже помалку побарувања и приходи од своето работење.

Констатирана е продажба на добитокот по цени различни од утврдените во официјални ценовници за продажба на сточниот фонд согласно кои треба да се реализира продажбата, што остава простор за несоодветно определување на цените.

Во отсуство на калкулација за цената на чинење на производите според фактичките цени неизвесно е дали производството е исплатливо или не.

Утврдивме нереално прикажување на билансните позиции и тоа:

- Државниот јавен капитал, во износ од 42.162 илјада денари бидејќи при судската регистрација основачкиот влог не е запишан во Образецот 2, и не може да се утврди колкав дел од државниот јавен капитал е основачки влог, а колкав дел е стекнат како резултат на работењето на стопанската единица.
- Материјалните средства поради извршена проценка без методологија и стадарди за проценка; пописни листи без податоци за износите на набавната, исправката и сегашната вредност; не усогласена сметководствената вредност со фактичката состојба на градежни објекти; евидентирано земјиште, кое е сопственост на РМ, а корисник е КПУ Идризово; располагање со бесправно изградени објекти евидентирани, без поткрепувачка докуменатција.
- Побарувања од купувачите, поради не извршено вредносно усогласување; прикажување на побарувања постари од 3 години, спротивно на прифатената сметководствената политика; 75% се

побарувања од купувачи на слободниот пазар, спротивно на Законот за извршување санкции. Искажани се побарувања по основ на договори за закуп на деловен простор, што не е во евиденција.

Ревизијата смета за потребно да истакне дека со анализа на податоците за движење на сточниот фонд и на производството на С.Е. Економија, во периодот 2005–2012 година, основното стадо се намалило за повеќе од 60%, а производството за 70%, што е резултат пред се на начинот на раководење и донесување деловни одлуки кои придонеле С.Е. Економија да се најде во исклучително тешка финансиска состојба, со блокирана сметка, неисплатени плати на вработените и драстично намален сточен фонд. Ревизијата е на мислење дека излезот од оваа состојба треба да се бара во доследно спроведување на Законот за извршување санкции и решавање на статусот на стопанската единица и вработените, како и во добро функционирање на менаџерскиот тим кое треба да обезбеди економично и ефикасно работење. Ова дотолку повеќе што функционирањето на стопанската единица е од исклучително значење, од една страна за организирање на работењето на осудените лица и остварување на процесот на ресоцијализација, а од друга страна за обезбедување храна за осудениците во установата со што би се оствариле заштеди во Буџетот на РМ.

## 1. Вовед

Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на С.Е. Економија на страна 22-24, заедно со ревизија на усогласеност, кои се состојат од: Биланс на состојба за 2012 година, Биланс на успех, Извештај за промени во капиталот, како и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.1. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.2. Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на С.Е. Економија за 2003 година и изразено е негативно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи, и за законско и наменско трошење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2003 година.

1.3. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, се одговорност на раководството на субјектот застапувано од:

- Тони Јакимовски директор до 30.04.2012 година .
- Живко Пејковски, директор од 30.04.2012 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола, релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на разумни сметководствени проценки во дадените околности.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи од сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

## 2. Цел и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи, од сите материјални аспекти, се изготвени во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики, од сите материјални аспекти.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовка и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извешти.

Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1 погоре е планирана и извршена во КПУ Идризово во чиј состав е С.Е. Економија.

Ревизијата од точка 1.1 погоре е планирана и извршена во периодот од 04/03/2013 до 30/04/2012 година .

## 3. Осврт на претходната ревизијата - спроведување на препораките

Ревизијата од точка 1.1. погоре опфати ревизија на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за 2003 година за извршената ревизија на С.Е. Економија. Во однос на препораките на овластениот државен ревизор утврдено е следното:

- Донесен е нов Правилник за организација и работа и нов Правилник за систематизација на работните места, според кои С.Е. Економија е одделение во рамките на стопанско инструкторскиот сектор.
- Извршен е попис на постојаните средства со кои располага С.Е. Економија, како и на залихите на готови производи и недовршено производство.
- Извршена е сметководствена евиденција на помошните книги на постојаните средства како и на залихите на материјали, резервни делови и ситен инвентар, готови производи и недовршено производство.
- Обезбедено е евидентирање на побарувањата од купувачите и обврските од добавувачите.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на С.Е. Економија предмет на ревизија, одржан на ден 11 ти Јуни 2013 година.

Од страна на С.Е.Економија не се добиени забелешки на Нацрт извештајот во законскиот рок.

### 4.1. Интерни контроли

4.1.1. Поради ограничени човечки ресурси, како и ангажирање на истите ресурси за извршување на работни задачи во КПУ Идризово, ревизијата констатира несоодветно разграничување и преклопување на должностите и одговорностите на вработените лица. Имено, за остварување на основната цел за која е основана[1], во С.Е. Економија систематизирани се 23 работни места, а вработени се 10 лица. Дел од вработените лица ги извршуваат редовните работните активности, но постапуваат и по наредби и одлуки на директорот на Установата така што извршуваат работни задачи за

[1] Организирање на работењето на осудените лица како составен дел на ресоцијализацијата

непополнети работни места во КПУ Идризово.[2] Ангажирањето на вработените не е само од помошен и технички карактер, дотолку повеќе што тие вршат стручни финансиско сметководствени и материјални работи како и стручни работи во процесот на ресоцијализацијата. Од друга страна пак, вработени од КПУ Идризово извршуваат задачи за С.Е. Економија, а примаат плата од Органот на Управа.

Исто така, кај некои вработени лица ревизијата констатира стручна подготовка што не соодветствува со предвидената во Правилникот за систематизација на работите и задачите[3], во делот на потребниот степен на стручна подготовка, што како главен критериум треба да се исполни за определено работно место.

Во услови на постоечката организациона поставеност на КПУ Идризово и С.Е. Економија, контролниот систем функционира отежнато, односно не е овозможено целосно следење на функционирањето на интерните контроли пред се поради:

- несообразаност на работните задачи и работните места предвидени во актите за организација и систематизација,
- несоодветно разграничување на овластувањата и одговорностите,
- несоодветно организирање и искористување на човечките ресурси,
- преклопувања на должностите и одговорностите,
- несоодветен надзор во работењето, при што раководството не може во целост да ја следи успешноста на работењето и да се увери дека секој учесник во системот ги исполнува своите работни задачи на начин како што е предвидено.

Во услови на постоечкото контролно опкружување ризикот од отстапување на контролните постапки е висок и неизвесно е дали истите функционираат ефективно во практиката.

**Препорака**

Во функција на подобрување на општото контролно опкружување и ефикасноста во работењето како и јакнење на човечките ресурси, да се обезбеди:

- сообразеност на работните места и работните задачи,
- разграничување на должностите и одговорностите,

[2] Раководител на финансиско сметководствената служба, Одговорен за возниот парк, комерцијалист, домска пекара, бифе на Препород

[3] При ревидирање на доставените акти, утврдено е дека за работното место – раководител на стопанската единица, за кое со Правилникот е утврдена висока и виша стручна спрема, вработено е лице со понизок степен на стручна подготовка (средно образование - ССС), што не соодветствува на утврдените критериуми по описот и пописот на работните места;

- пропишување, изменување и усогласување на донесените интерни акти согласно важечките законски прописи,
- целосна примена на Законот за извршување санкции.

4.1.2. С.Е. Економија нема воспоставено систем на интерни контроли и пишани процедури за процесот на прием, издавање, потрошок и евидентирање на залихите на материјали, резервни делови и ситен инвентар, поради што од една страна постои висок ризик од неправилно магацинско работење и неусогласеност на магацинското работење со материјалната и сметководствена евиденција, а од друга страна не може целосно да се следи потрошокот на залихите по организационите единици.

Воспоставениот начин на работа не е во согласност со Законот за јавна внатрешна финансиска контрола (член 5 и 7), го зголемува ризикот од измами и грешки и од нереално и необјективно прикажување на залихите во финансиските извештаи.

**Препорака**

Да се донесат пишани процедури и да се воспостави ефикасен систем на интерни контроли во процесот на прием, издавање, потрошок и евидентирање на залихите.

4.1.3. Од извршеното интервју и со увид во сметководствената документација, ревизијата констатира дека во отсуство на контроли врз работењето на осудените лица во кантините, 98,5% или 2.287 илјади денари од евидентираните 2.320 илјади денари, се однесуваат на побарувања од работно ангажираните осудени лица во кантините на стопанската единица. Поголемиот дел од побарувањата потекнуваат од минати години, бидејќи во досегашното работење на С.Е. Економија, не била воспоставена пракса за изготвување на периодични контроли за следење на работењето на кантините. Овој начин на работа не е во согласност со членот 6 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, со што предизвикано е одлевање на парични средства и намалување на солвентноста и ликвидноста на претпријатието. Иако за дел од нив се превземени активности за нивно утужување наплата на истите е неизвесна.

**Препорака**

Одговорните лица да преземат активности и мерки за обезбедување на континуирана контрола на работењето со кантините и да обезбедат наплата на побарувањата.

4.1.4. Со увид во записниците за утврдување на пцовисана и расходувана стока ревизијата констатира дека во истите нема податоци за причините поради кои стоката пцовисала, ниту стручно мислење на ветеринарен лекар.

Записниците се потпишани само од Комисијата составена од вработени лица во стопанската единица. Во отсуство на образложение од овластено лице за причините за промена на состојбата кај стоката, постои висок ризик за погрешно прикажување на состојбата.

**Препорака**

Во Записниците за утврдување пцовисана и расходувана стока да бидат содржани образложенија од овластено стручно лице – ветеринар, за причините поради кои настанала смртност кај стоката.

**4.2. Усогласеност со закони и прописи**

4.2.1. С.Е Економија функционира спротивно на одредбите од Законот за извршување санкции, како самостојно правно лице во рамките на КПУ Идризово, со посебна сметка во деловна банка, а директорот на КПУ истовремено е законски застапник на С.Е. Економија. Имено, С.Е. Економија е формирана во рамките на КПУ Идризово во 1957 година од страна на Владата на РМ. Се до 2006 година, во Законот за извршување санкции е дефинирано стопанските единици, формирани во рамки на казнено поправните установи, да имаат статус на самостојно правно лице. Уписот во трговскиот регистар е само во функција на правно евидентирање, а не и за стекнување одредени права по уписот. Основната цел за нивното формирање е да го организираат работењето на осудените лица како составен дел на процесот на ресоцијализација.
Но, со Законот за извршување санкции од 2006 година предвидено е во состав на казнено и воспитно - поправните установи, како организациони единици, да се организираат една или повеќе стопански единици, кои треба да настапуваат во име и за сметка на установата, а приходите да ги уплатуваат на трезорската сметка за самофинансирачка активност. Со тоа овие субјекти законски го губат статусот на самостојни правни лица.
Во јуни 2012 година КПУ Идризово има изготвено Правилник за организација и работа кој е во согласност со Законот и за кој е добиена согласност од Управата за извршување санкции. Според Правилникот (член 7) стопанските единици се одделенија на Стопанско инструкторскиот сектор, организирани заради остварување на целите за извршување на санкциите – работно ангажирање на осудените лица. Тие немаат својство на правно лице и во прометот треба да настапуваат за сметка на Установата.
И покрај тоа што со одредбите од Законот е дефиниран статусот на стопанските единици, поради лошата економска состојба во која се наоѓа С.Е. Економија, во пракса се уште функционира како самостојно правно лице во свое и име за своја сметка.

Со цел да се надмине оваа состојба, одговорните лица на КПУ како и вработените во стопанските единици повеќе пати се обратиле до надлежните институции (Влада на РМ, Министерство за правда, Управа за извршување санкции, Народен правобранител) ги информирале за состојбата на стопанските единици и побарале решение за нивниот статус во согласност со Законот. До денот на ревизијата состојбата е непроменета.

**Препорака**

Одговорните лица на КПУ – КПД Идризово во соработката со надлежните институции (Управата за извршување санкции, и Владата на РМ како основач на стопанските единици) да ги интензивираат активностите и мерките за примена на одредбите од Законот за извршување санкции со кои е дефиниран статусот на стопанските единици.

4.2.2. Поради тешката финансиска состојба континуирана блокада на сметката од 2011 година и обврски по разни основи (решенија за присилна наплата), С.Е Економија има обврски спрема вработените, во смисла обврски од работен однос, даноци и придонеси од плата, во износ од 1.503 илјади денари по основ на пресметани а неисплатени 5 бруто плати за 2012 година. Ова не е во согласност со одредбите од Законот за работни односи, Законот за персонален данок од доход, Законот за здравствено осигурување, и Законот за вработување. Непочитувањето на законските и под законските акти од наведените области доведува до следните состојби:

- вработените не можат да располагаат со платата во законски предвидениот рок (15 дена по истекот на наплатниот период),
- Буџетот на Републиката и Буџетите на фондовите реализирале помалку приходи за годината за која субјектот имал обврска да ги уплати даноците и придонесите,
- зголемени се трошоци на претпријатието за камати поради ненавремено плаќање на обврските.

**Препорака**

С.Е. Економија, во соработка со надлежните органи и Владата на РМ како основач да ги преземат потребните активности и мерки за примена на одредбите од Законот за извршување санкции, кои требаше да стапат во сила со ребалансот на буџетот во 2006 година. Со тоа стопанските единици ќе функционираат како одделенија во рамките на стопанско инструкторскиот сектор без статус на посебно правно лице, а 10- те вработени лица ќе остваруваат плата од Буџетот на РМ, истовремено и рамноправно со вработените од КПУ Идризово.

4.2.3. Со увид во сметководствената евиденција и Билансот на состојба, Ревизијата утврди дека вкупните не исплатени обврски за работно ангажирање на осудените лица изнесуваат 5.269 илјади денари, поради што осудените лица не може да го остварат правото на надомест од работно ангажирање согласно Законот за извршување санкции (член 116). Со тоа се намалува мотивираноста и интересот на осудените работно да се ангажираат, што, особено доаѓа до израз во последните години и не е во функција на остварување на процесот на ресоцијализација.

**Препорака**

Имајќи предвид дека надоместокот за работно ангажирање е многу значаен и единствен за мотивирање на осудените лица, да се преземат мерки за исплата на овие обврски, дотолку повеќе што на тој начин може да се привлечат и други осудени лица работно да се ангажираат, а тоа значи дополнителна работна сила за вклучување во производните процеси на С.Е. Економија.

4.2.4. Ревизијата констатира дека приходите во износ од 1.101 илјада денари искажани на ставката Останати приходи од работењето, се остваруваат врз основа на работно ангажираните осудени лица надвор од установата, но не се во согласност со Упатството за условите, начинот и постапката за работно ангажирање на осудено лице надвор од установата, бидејќи истото не се почитува и применува во целост. Ревизијата утврди не применување на Упатството во следниве случаи:

- Правните лица или институции кои ангажираат осудено лице не доставуваат месечен извештај за однесувањето на осуденото лице, исполнувањето на работните задачи како и за редовноста на работното место, (член 6, алинеа 7)
- Комисијата формирана за контрола на осудените лица, не врши контрола на работните места на кои се ангажирани осудени лица иако има обврска да ја врши најмалку еднаш неделно, ниту изготвува месечен извештај за извршените контроли, кој треба да го доставува до директорот на установата и УИС (член 7, став 3, член 8).

Не применувањето на Упатството ја зголемува можноста на осудените лица да го злоупотребат правото за работно ангажирање надвор од установата.

**Препорака**

Со цел поуспешно остварување на процесот на ресоцијализација да се применува Упатството за условите, начинот и постапката за работно ангажирање на осудено лице надвор од установата.

4.2.5. Ревизијата констатира дека официјалните ценовници донесени и одобрени од страна на раководното лице на Установата не секогаш се почитуваат, поради што констатирани се продажби на добиток по цени различни од утврдените во споменатиот акт. Исто така ревизијата утврди дека не е извршена интервенција за промена на цените во официјалните ценовници согласно движењето на пазарните цени .

Ревизијата утврди и продажби на добиток и други прехранбени производи во вредност од 4.533 илјади денари по цени кои воопшто не се утврдени во официјалните ценовници.

Недоследното почитување на интерните акти, и неприлагодување на истите со движењето на пазарните цени, остава простор за несоодветно определување на цените и нереално прикажување на приходите.

**Препорака**

Одговорното лице да воспостави механизам за прилагодување на цените утврдени во ценовниците со пазарните цени.

## 4.3. Финансиски извештаи

### Биланс на состојба

4.3.1. Со увид во Билансот на состојба и во документите од регистрација на С.Е. Економија ревизијата не се увери дека државниот јавен капитал во износ од 53.651 илјада денари е реално и објективно прикажан во трговските книги и во Билансот на состојба. Имено, Стопанската единица Економија е основана со Решение број 22792/57, донесено од страна на Владата на РМ, а со Трег. број 5454/2004 година од Основниот суд Скопје-1 Скопје извршена е регистрација на С.Е. Економија во која не е наведен износот на основачкиот капитал, односно истиот не е запишан во Образецот 2. Со тоа ревизијата не може да утврди колкав дел од државниот јавен капитал е основачки влог, а колкав дел е стекнат како резултат на работењето на стопанската единица. Ова не е во согласност со член 21 од Законот за трговските друштва со кој се уредува износот на средствата за основање и начинот на нивно обезбедување.

**Препорака**

Надлежните органи на претпријатието во соработка со основачот - Владата на РМ, да ги преземат потребните активности за утврдување на основачкиот влог на претпријатието и да извршат негово запишување во Централниот регистар.

4.3.2. Ревизијата не се увери дека позицијата Материјалните средства во Билансот на состојба е реално и објективно прикажана, поради следното:

- Постапувајќи по препораката дадена во Конечниот ревизорски извештај од 2003 година, за утврдување на објективната вредност на материјалните средства и нивно сметководствено евидентирање, формирана е Комисија[4] да изврши проценка на вредноста на основните средства, земјиштето, и опремата на Органот на управата и на Стопанските единици. Комисијата била составена од редовно вработени лица, што не е во согласност со МСС 16, според кој проценката треба да ја извршат професионално квалификувани проценители.
- Пописните листи за извршениот попис на нематеријалните и материјалните средства не ги содржат сите потребни податоци. Истите се состојат од назив на средства и количина утврдена со пописот, не се наведени износите на фактичката состојба по попис и сметководствената состојба и не се презентирани износите на набавната, исправката и сегашната вредност
- не е извршено усогласување на сметководствената вредност на градежни објекти чија сегашна вредност изнесува 40.714 денари со фактичката состојба на градежните објекти.

Утврдената состојба не е во согласност со одредбите од член 473 од Законот за трговски друштва и Правилникот за начинот и роковите за вршење на попис.

**Препораки**

Одговорното лице на Установата да преземе активности и мерки за проценка на материјалните средства, согласно МСС 16 како и согласно Законот за проценка според кои утрдувањето на објективната вредност на материјалните средства ја врши овластен проценител на начин пропишан со методологија, правила и стандарди за проценка.

Одговорните лица да преземат активности и мерки за изготвување попис на нематеријалните и материјалните средства согласно Правилникот за начинот и роковите за вршење на попис.

4.3.3. Со извршениот увид во сметководствената евиденција на материјалните средства ревизијата ги констатира следниве состојби:

- Во деловните книги на СЕ Економија евидентирано е земјиште, кое според имотните листови е во сопственост на РМ, а корисник е КПУ Идризово.
- С.Е. Економија располага со 32 бесправно изградени објекти кои се евидентирани, без поткрепувачка докуменатција. Со цел да се

[4] Комисијата е формирана со решение бр.03-9492/1 од 04.10.2004 година

обезбеди соодветна документација за запишување на бесправните објекти во јавната книга за запишување на правата на недвижности, КПУ Идризово има поднесено барање[5] до Министерството за транспорт и врски за утврдување на правен статус на бесправно изградените објекти, од каде се известени дека натамошната постапка не може да се продолжи понатаму без да се достават дополнителни документи (Геодетски елаборати, доказ за приклучок на комунална инфраструктура). Но, во недостиг на финансиски средства неопходни за изработка на елаборатите, КПУ Идризово не е во можност да ги легализира бесправно изградените објекти кои ги користи Економија а со тоа и да постапи согласно законските одредби предвидени со Законот за катастар на недвижности (член 155-158).

**Препорака**

Надлежните лица на КПД Идризово да предвидат финансиски средства во Буџетот за наредната година и да постапат согласно законските прописи за евидентирање и легализација на недвижностите.

4.3.4. Ревизијата утврди дека во Билансот на состојба, позицијата Побарувања од купувачи во износ од 11.416 илјади денари, не е реално и објективно прикажана, односно истата е преценета за износ од 4.420 илјади денари, поради не извршено вредносно усогласување. С.Е. Економија има утврдено сметководствена политика според која побарувањата од купувачите и другите побарувања се признаваат во билансот доколку не е надминат рокот на застарување од 3 години за побарувањата од должничко доверителен однос и општиот рок од 5 години за сите останати побарувања.

Со увид во документацијата и врз основа на прегледи изготвени од страна на субјектот ревизијата утврди дека не се врши соодветна проценка на побарувањата ниту целосен отпис на застарените побарувања дотолку повеќе што според старосната структура на побарувањата, 15% (1,091 илјади ден) се постари од 3 години.

Ревизијата констатира дека 25% или 1.753 илјади денари се однесуваат на побарувања од КПУ Идризово и С.Е. Препород, кои заедно со С.Е. Економија имаат ист законски застапник. Останатите побарувања се од купувачи на слободниот пазар и покрај тоа што со измените на Законот за извршување санкции (Сл. весник 57/10) укината е одредбата со која беше определено вишокот на производи да се продава на слободниот пазар во постапка и начин определени со закон.

Искажани се побарувања во вкупен износ од 889 илјади денари по основ на договори за закуп на деловен простор, што не е евидентиран во книгата на

[5] барање под број 03-227/1 од 02.09.2011 година

основни средства односно на билансната позиција - Материјални средства. Градежните објекти кои се издадени под закуп се сопственост на РМ, а се евидентирани во документацијата на КПУ Идризово, поради што, КПУ Идризово треба овие објекти да ги издава под наем, а приходите од наемнина да ги уплатува во Буџетот на РМ, согласно Законот за располагање со стварите во државна сопственост.[6]

**Препорака**

Согласно МСС 18 – Приходи, Одговорните лица да направат веродостојни проценки за можностите за наплата на ненаплатените побарувања, врз основа на донесено судско решение против комитентот или по основ на ликвидација на одделни купувачи од кои не се наплатени побарувањата.

Да се врши вредносно усогласување на краткорочните побарувања, како резултат на проценка на менаџментот за можностите за наплата на побарувањата.

При издавање на деловен на деловен простор под закуп да се постапува согласно Законот за располагање со стварите во државна сопственост.

4.3.5. Со анализа на договорите за деловно техничка соработка, склучени од страна С.Е. Економија, ревизијата ги констатира следните состојби:

- за орање сеење и жетва на 60 ха земјоделска површина, одговорното лице склучило договор за деловно техничка соработка, според кој С.Е. Економија за возврат на услугата испорачала 132.360 кг пченица по цена од 10 денари, односно по цена пониска од пазарната за 4 денари по кг. Загубата од овој Договор изнесува 530 илјади денари.
- Поради ненавремено обезбедување храна за стоката, извршена е продажба на 23 јуници за обезбедување храна за останатата стока. Јуниците се продадени по цена пониска од утврдената во ценовникот односно направена е разлика во цена од 94 илјади. Од друга страна, добиена е неквалитетна добиточна храна, чија употреба може да предизвика штетни последици по здравјето, продукцијата и прирастот на стоката, за што постои Записник од одговорното лице што извршило прием на добиточната храна. Ревизијата исто така утврди дека испратниците за продадените јуници не се одобрени од одговорното лице за магацинот, а фактурата за истите не е авторизирана од одговорното лице што ја застапува С.Е. Економија.

[6] согласно Законот за располагање со стварите во државна сопственост приходите кои се остваруваат од закупнини, буџетскиот корисник треба да ги уплатува во Буџетот на РМ, односно се приход на РМ бидејќи имотот со кој располага е сопственост на РМ. Буџетскиот корисник има право да го користи, но нема право наемнината за издадените објекти под наем, како приход да ја задржува за свои цели

- Ненавременото обезбедување храна за добитокот довело до натамошно продавање на уште 19 јуници по цени што ги нема во ценовникот. Шест јуници се продадени по цена од 118 ден/кг, а 13 јуници се продадени по 69,5 ден/кг. Јуниците не се категоризирани според категориите утврдени во ценовникот, туку се мерени групно и продадени збирно по килограм. Ревизијата утврди дека испратницата и фактурата не се одобрени од одговорните лица (магационер, директор), а се потпишани од исто лице (раководителот на стопанската единица).

Ревизијата констатира дека наведените состојби имаат влијание на работењето на С.Е. Економија во смисла на искажување помалку побарувања од купувачите, а со тоа помалку остварени приходи од продажба.

**Препорака**

Раководењето на стопанските единици да се врши на начин што ќе обезбеди економично, ефикасно и ефективно работење во согласност со законските и под законските прописи.

4.3.6. Ревизијата не се увери дека позицијата Залихи во Билансот на состојба е реално и објективно прикажана, поради нецелосно и неверодостојно евидентирање на приемот од недовршено производство во магацинот на готови производи. Со увид на документацијата за магацинско работење, ревизијата констатира дека приемниците не се континуирано и редоследно евидентирани и не се сите потпишани од одговорното лице за магацинот. Ваквата состојба е поради тоа што магационерот со наредба на директорот е распределен на работно место комерцијалист во КПУ Идризово, физички не е присутен во магацинот и не може секогаш навреме да изврши прием на производите во магацинот. Приемот е различен од случај до случај, а го вршат осудени лица или вработени од С.Е. Економија кои се распределени на други работни места. Со тоа се зголемува ризикот од нецелосно евидентирање и погрешно прикажување, и се создава нејасна слика за вредноста на залихите согласно МСС2.

**Препорака**

Со цел да се воспостави навремена и точна евиденција поткрепена со соодветни документи (приемница/испратница) со сите потребни податоци, а со оглед на сложеноста и одговорноста за работното место магационер, да се определи лице кое ќе биде одговорно само за магацинот.

**Биланс на успех**

4.3.7. Од извршената анализа на процесот на производство, ревизијата не се увери дека пресметките и податоците врз основа на кои се подготвува Производно – финансискиот план претставуваат рационална и доследна основа за реална алокација на трошоците и изработка на калкулација за цената на чинење на производите според фактичките цени, согласно МСС 2. Наведеното од една страна, остава простор за субјективно и нереално утврдување на производните трошоци кои воедно ја претставуваат цената на чинење, а од друга страна не дава јасна претстава дали производството е исплатливо или не, дотолку повеќе што продажните цени се утврдуваат исклучиво според пазарните цени, што не ја исклучува можноста вистинската цена на чинење да биде повисока од продажната цена. Наведеното е од особено значење, ако се има предвид влијанието на производните трошоци и приходите од продажба врз Билансот на успех.

**Препорака**

Во функција на определување на вредноста на вкупното вложување во производството за тековната година, во смисла: вредност на недовршено производство, на готови производи и утврдување на цена на чинење на продадените готови производи, одговорните лица да изготвуваат калкулација за цената на чинење на производите, врз база на реална алокација на трошоците на набавка и трошоците на конверзија.

4.3.8. При продажба на стоката (јуници, крави, свињи, овци и сл), во испратницата не е наведено која категорија е стоката што се продава, поради што ревизијата не се увери дека продадените стоки по категории соодветствуваат со цените по категории утврдени во ценовникот. Исто така и при продажба на арско ѓубре во испратницата не е наведено каков вид ѓубре се продава (арско прегорено или непрегорено), ниту која количина (тракторска или автоприколка). Поради тоа ревизијата не се увери дека продаденото ѓубре според видот и количината соодветствува со цените утврдени во ценовникот. Наведеното остава простор за субјективно пополнување на испратниците и го зголемува ризикот од нецелосно и неверодостојно искажување на приходите.

**Препорака**

Да се воспостави навремена и точна евиденција за продадена стока и други останати производи, поткрепена со соодветни документи (приемница/испратница) и со сите потребни податоци (категорија, вид, количина).

4.3.9. Со увид во евиденцијата и документацијата на С.Е. Економија, ревизијата утврди дека приходите се преценети за износ од 770 илјади денари поради остварување приходи по основ на договори за закуп на деловен простор, што не е евидентиран на билансната позиција - Материјални средства. Градежните објекти кои се издадени под закуп се сопственост на РМ, а се евидентирани во документацијата на КПУ Идризово, поради што, КПУ Идризово треба овие објекти да ги издава под наем, а приходите од наемнина да ги уплатува во Буџетот на РМ, согласно Законот за располагање со стварите во државна сопственост.

**Препорака**

Средствата остварени по основ приходи од наем на деловен простор што е сопственост на РМ, да се уплатуваат на Буџетот на РМ, согласно Законот за располагање со стварите во државна сопственост.

4.3.10. Ревизијата не се увери дека трошоците искажани на ставката Надоместоци на трошоци на вработените и подароци во износ од 244 илјади денари, а кои се однесуваат на исплата на надоместок на осудените лица, се точно утврдени. Со Правилникот за определување на надоместокот и наградата за работа на осудените лица како и за лицата кои без своја вина не работат, се определува кои параметри влијаат во одредување на висината на надоместокот, но не се дефинира на кој начин да се врши пресметката на надоместокот, поради што стопанските единици не се во можност да одредат точно утврдена плата за осудените кога се работно ангажирани.

**Препорака**

Со цел платата на осудените лица точно да се определува, да се изврши до прецизирање на Правилникот за определување на надоместокот и наградата за работа на осудените лица како и за лицата кои без своја вина не работат, односно да се дефинира начинот за вршење на пресметката.

## 4.4. Користење на средства согласно законските прописи

4.4.1. За купување добра и услуги С.Е. Економија воопшто не постапува по Законот за јавни набавки ниту склучува договори со економските оператори. Со Законот за јавни набавки (член 4) се уредени начинот и постапките за вршење јавни набавки, меѓу другото, и кај претпријатија што располагаат со државен капитал. Непочитувањето на Законот остава простор за субјективно одлучување и фаворизирање на одредени економски оператори.

Во текот на 2012 година, извршени се набавки на добиточна храна,

прехранбени производи, земјоделски услуги и средства за хигиена во вкупен износ од 1.398 илјади денари, за кои не се спроведени постапки за јавни набавки.

**Препорака**

Одговорните лица да преземат активности и мерки за целосна примена на Законот за јавни набавки.

**Вкупни ефекти од наодите**

Врз основа на изнесеното во точките 4.3.1 – 4.3.10 од овој извештај, кои се однесуваат на: извршена проценка на материјалните средства спротивно на МСС 16; некомплетни пописни листи; неизвршено усогласување на сметководствена со фактичка состојба на градежните објекти, евидентирано земјиште чиј корисник е КПУ; евидентирани објекти без поткрепувачка документација; незапишан основачки капитал, неизвршено вредносно усогласување на побарувањата; нереално и необјективно искажување на залихите, искажани побарувања и приходи по основ на договори за закуп на неевидентиран деловен простор, како и недефиниран начин за точно утврдување на пресметката за надоместокот на работно ангажираните осудени лица, ревизијата изрази неуверување за реалноста и објективноста на финансиските извештаи, на ден 31.12.2012 година.

## 5. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, поради ефектите на прашањата изнесени во точката 4.3.1 до 4.3.10 финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на С.Е. Економија на ден 31 декември 2012 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради ефектите на прашањата изнесени во точката 4.2 и 4.4, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи, во сите материјални аспекти не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

## 6. Нагласување на прашања на неизвесност (кои не влијаат на мислењето)

Согласно меѓународниот стандард за ревизија 701 – Модификација на извештајот на независниот ревизор, точка 5, се додава пасус за нагласување на прашање кое влијае на финансиските извештаи, но истиот нема влијание на ревизорското мислење.

С.Е. Економија, меѓу другото е регистрирана за одгледување добиток и производство на производи од сточниот фонд. Овие дејности биле од големо значење за стопанската единица, дотолку повеќе што се обезбедувало храна за потребите на КПУ Идризово, а со пласирање на вишокот производи на пазарот се обезбедувало сигурен профит. Со анализа на податоците за движење на сточниот фонд и на производството на С.Е. Економија, во периодот 2005 – 2012 година, ревизијата констатира дека основното стадо се намалило за повеќе од 60%, а производството за 70%.

Настанатата состојба пред се е резултат на следните околности:

- Начинот на раководење со стопанската единица и донесување одлуки кои имале големо влијание врз работењето,
- намалување на бројот на редовно вработените лица и ангажирање на истите за извршување на работни задачи во КПУ Идризово,
- намалување на бројот на работно ангажирани осудени лица, како резултат на ниско ниво на мотивација и променета структура на осудените лица, во смисла на зголемен број на зависници.
- ненаплатени побарувања од КПУ Идризово, поради недостиг на средства со кои располага установата, предизвикан од намалените буџетски средства,
- избувнување на 2 пожари во кои изгорела сточна храна за добитокот и направена е материјална штета во вредност од 13.500 илјади денари.

Ревизијата се информира дека во минатите години (период што претходел на периодот предмет на анализа – односно период до 2000 година), констатирани се случаи кога со Одлука на одговорните лица се вршеле отписи на побарувања кои стопанската единица ги имала кон КПУ Идризово.

Наведените слабости придонеле С.Е. Економија да се најде во исклучително тешка финансиска состојба, со блокирана сметка, неисплатени плати на вработените и драстично намален сточен фонд. Ревизијата е на мислење дека излезот од оваа состојба треба да се бара во доследно спроведување на Законот за извршување санкции и решавање на статусот на стопанската единица и вработените, како и во добро функционирање на менаџерскиот тим кое треба да обезбеди економично и ефикасно работење. Ова дотолку повеќе што функционирањето на стопанската единица е од исклучително значење, од една страна за организирање на работењето на осудените лица и остварување на процесот на ресоцијализација, а од друга страна за обезбедување храна за осудениците во установата со што би се оствариле заштеди во Буџетот на РМ.

Скопје, 06.09.2013 година

**Ревизорски тим:** **Овластен државен ревизор** 

*1.*________________________ ________ _______________

*2.*________________________

*3.*________________________

## БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2012 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-женија | 2012 | 2011 |
|---|---|---|---|
| ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА | 3.1 | 7.435 | 11.194 |
| ОСТАНАТИ ПРИХОДИ | 3.2 | 1.409 | 543 |
| КАПИТАЛИЗИРАНО СОПСТВЕНО ПРОИЗВОДСТВО И УСЛУГИ | 3.3 | 794 | 203 |
| **Вкупни приходи од работењето** | | **9.638** | **11.940** |
| Залиха на почетокот на периодот | | 4.382 | 3.777 |
| Залиха на крајот на периодот | | 3.090 | 4.382 |
| ТРОШОЦИ ЗА СУРОВИНИ И ДРУГИ МАТЕРИЈАЛИ | 3.4 | 2.805 | 9.118 |
| ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ | 3.5 | 392 | 464 |
| ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ НА ПЛАТА И ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ | 3.6 | 3.756 | 4.561 |
| ТРОШОЦИ ЗА АМОРТИЗАЦИЈА | 3.7 | 2.775 | 2.840 |
| ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ ОД РАБОТЕЊЕТО | 3.8 | 182 | 658 |
| ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ (ОБЕЗВРЕДНУВАЊЕ) НА НЕТЕКОВНИ И ТЕКОВНИ СРЕДСТВА | 3.9 | 1.842 | 133 |
| ОСТАНАТИ РАСХОДИ | 3.10 | 519 | 257 |
| **Вкупно расходи од работењето** | | **12.271** | **18.031** |
| ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ | 3.12 | 510 | 651 |
| ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ | 3.13 | 170 | 822 |
| **ДОБИВКА/ЗАГУБА ОД РЕДОВНО РАБОТЕЊЕ** | | (3.585) | (5.657) |
| **ДОБИВКА/ЗАГУБА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | | (3.585) | (5.657) |
| **Данок од добивка** | | | |
| НЕТО ДОБИВКА/ЗАГУБА | | (3.585) | (5.657) |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жениja | 2012 | 2011 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| парични средства и парични еквиваленти | 4.1 | 22 | 330 |
| побарувања од купувачи | 4.2 | 11.416 | 9.355 |
| побарувања за дадени аванси | 4.3 | 57 | 57 |
| побарувања од вработените | 4.4 | 2.320 | 2.373 |
| останати побарувања | 4.5 | 1.035 | 1.035 |
| залихи | 4.6 | 4.040 | 5.070 |
| **Вкупно тековни средства** | | **18.890** | **18.220** |
| **Нетековни средства** | | | |
| материјални средства | 4.7 | 471.756 | 476.683 |
| *долгорочни финансиски средства* | 4.8 | 65 | 65 |
| **Вкупно нетековни средства** | | **471.821** | **476.748** |
| **Вкупна актива** | | **490.711** | **494.968** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.9 | 36.043 | 36.443 |
| краткорочни обврски за даноци, придонеси и други давачки | 4.10 | 449 | 145 |
| обврски спрема вработените | 4.11 | 1.502 | 2.078 |
| останати краткорочни обврски и краткорочни резервирања | 4.12 | 1.715 | 1.715 |
| одложени плаќања на трошоци и приходи на идни периоди (пвр) | 4.13 | 719 | 719 |
| **Вкупно краткорочни и долгорочни обврски** | | **40.428** | **41.100** |
| **Главнина и резерви** | | | |
| основна главнина -запишан и уплатен капитал | 4.15 | 53.652 | 53.652 |
| резерви | 4.16 | 405.873 | 405.873 |
| пренесена загуба | 4.17 | 5.657 | 0 |
| загуба од тековната година | 4.18 | 3.585 | 5.657 |
| **Вкупно главнина и резерви** | | **450.283** | **453.868** |
| **Вкупна пасива** | | **490.711** | **494.968** |
| **Вонбилансна евиденција - Пасивни сметки** | | **0** | **0** |

П Р Е Г Л Е Д
НА ПРОМЕНИ НА ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ

| О п и с | Основна главнина - запишан и уплатен капитал | Ревалоризациони резерви и разлики од вреднување на компоненти на останата сеопфатна добивка | Резерви | Пренесена загуба | Загуба од тековната година | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2012 година** | 53.651 | 405.808 | 65 | 5.657 | | 453.867 |
| Загуба за деловна година | | | | | 3585 | -3.585 |
| **Состојба 31.12.2012 година** | 53.651 | 405.808 | 65 | 5.657 | 3.585 | **450.282** |



**Ревизорски тим:** **Овластен државен ревизор**

*1.*______________________ ________ ______________

*2.*______________________

*3.*______________________